Република Северна Македонија

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA PËR MBIKËQYRJE TË FINANCIMIT KAPITAL TË SIGURIMIT PENSIONAL
Бр.-Nr. 08-939/3
30.09 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Правила за начинот на чување и уништување на документи и начинот на бришење, чистење и уништување на медиуми кои се користат за обработка на лични податоци

Август 2021, Скопје

МАПАС
Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

СОДРЖИНА

I. Предмет на уредување ....................................................................................................3
II. Примена ..........................................................................................................................3
III. Преодни и завршни одредби ..........................................................................................4

Врз основа на член 36 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија” број 42/20), а во врска со член 6 ставови (1) и (2) од Правилникот за безбедност на обработка на личните податоци ("Службен весник на Република Македонија" бр.122/2020), и член 8 став (1) точка о) од Статутот на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (бр.01-385/3 од 18.03.2013, бр. 02-13/5 од 22.01.2014, 02-1316/4 од 11.11.2014, 02-83/3 од 30.01.2015, 02/1259/6 од 27.11.2018 и 02-464/6 од 29.03.2019 година) претседателот на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, на ??.??.2021 година, донесе:

**Правила за начинот на чување и уништување на документи и начинот на бришење, чистење и уништување на медиуми кои се користат за обработка на лични податоци во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување**

# I. Предмет на уредување

Член 1

Со овие Правила се уредува начинот на уништување на документите, што содржат лични податоци, како и начинот на уништување, бришење и чистење на медиуми кои се користеле при обработката на личните податоци од страна во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст: Агенцијата).

# II. Примена

Член 2

Документите што содржат лични податоци, по истекот на определениот рок за нивно чување, се уништуваат од Комисија определена од страна на претседателот на Советот на експерти на Агенцијата.

Документите, од став 1 од овој член, се уништуваат со уред за ситнење (шредер) за што Комисијата составува записник.

Одредбите од овој член се применуваат и при уништување на копиите или умножените документи.

Член 3

Плакарите (орманите), картотеките и другата опрема во Агенцијата во која се чуваат документи кои содржат лични податоци се сместени во простории заклучени со заштитни механизми. Тие простории се заклучени и во време кога документите не се обработуваат од овластените лица во Агенцијата.

Член 4

По пренесувањето на личните податоци од медиумот или по истекот на определениот рок за чување, медиумот се уништува, брише или пак се чисти од личните податоци кои се снимени на него.

Уништувањето на медиумот се врши на начин кој ќе гарантира дека податоците кои биле снимени на него не можат повторно да бидат реконструирани, односно со механичко разделување на неговите составни делови со што истиот повторно да не може да биде употреблив.

Бришењето или чистењето на медиумот се врши на начин што оневозможува понатамошно обновување на снимените лични податоци кои биле зачувани на медиумот.

За уништување, бришење и чистење на медиумот Комисијата составува записник (информациска трага), кој ги содржи сите податоци за целосна идентификација на медиумот, како и за категориите на лични податоци снимени на истиот.

## III. Преодни и завршни одредби

Член 5

Со денот на донесување на оваа Политика престанува да важи Правилникот за уништување на документи и начинот на уништување, бришење и чистење на медиумот во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување бр.01-1158/4 од 30.8.2013 година.

Овие Правила влегуваат во сила со денот на нивното донесување и истите ќе се објават на огласна табла во Агенцијата.

Изработил: Емилија Рамова
16.8.2021 година

Претседател на Советот на експерти
Максуд Али